**ЗАПИСНИК**
**Од 60-та седница на Советот на Општина Бутел**
**одржана на 09.06.2025 година, со почеток во 12:00 часот**

Скопје, јуни 2025 година

СОВЕТ НА ОПШТИНА БУТЕЛ
Бр.08-1491/2

**ЗАПИСНИК**
**Од 60-та седница на Советот на Општина Бутел**
**одржана на 09.06.2025 година, со почеток во 12:00 часот**

Шеесетата седница на Општина Бутел се одржа на 09.06.2025 година, во салата за седници во Општина Бутел.

На седницата присуствуваа советниците: Игор Николов, Никола Божиновски, Јасмина Кирковска, Теодора Спасенцовска, Игорче Милановски, Оливера Николовска, Весна Ѓорѓевска, Стојан Петкуќевски, Александар Ѓорчевски, Ѓокица Божиновски, Сељвете Муртези, Љејља Исени, Дарко Димовски, Мартин Бошковиќ, Оливера Ливриниќ и Аљајдин Сали и Вулнет Селими.
Отсутен: Чедо Николовски и Сеад Арслани.

На седницата исто така присуствуваа и Градоначалникот на Општина Бутел г. Дарко Костовски, Шефот на кабинетот на Градоначалникот г. Горјан Донев, Дитекторите на основните Училишта од Општина Бутел, пеставници од МВР Скопје, Раководители од Општина Бутел и Директорот на ЈКП Бутел.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот Проф. д-р Игор Николов.

Претседателот на Советот констатираше дека на седницата присуствуваат мнозинство членови и дека Советот може полноважно да одлучува.

Претседателот на Советот Проф. д-р Игор Николов го стави на гласање Записникот од 59-та седница и констатира дека Советот со 17 гласа „ЗА“, нема „ ПРОТИВ“, нема „ВОЗДРЖАНИ“ истиот го усвои.

За ова седница беше предложен следниот

**ПРЕДЛОГ - ДНЕВЕН РЕД:**

1. Предлог – Одлука за востановување општински признанија и награди.

Претседателот на Советот Проф. Проф. д-р Игор Николов отвори расправа по Предлог-Дневниот.

Бидејќи никој не се пријави за збор Претседателот на Советот го стави на гласање предложениот Дневен ред.

Советниците со 17 гласови „ЗА„ нема „ПРОТИВ“ и нема „ВОЗДРЖАНИ“ го усвоија предложениот Дневниот ред.

Претседателот изјави, бидејќи седницата е од свечен карактер му даде збор на Градоначалникот на Општина Бутел г. Дарко Костовски да образложи повеќе детали.

Градоначалникот на Општина Бутел г. Дарко Костовски упати поздрав до сите присутни во салата и извести дека има посебна причината за свеченоста на седницата, односно дека Општина Бутел прославува 20 години од нејзиното постоење, нагласи дека во деновите што следат ќе има настани посветени на Општина Бутел во чест на нејзиниот роденден. Истакна дека од настаните што следат најбитен е настанот кој ќе се одржи во македонската филхармонија и на истиот ќе бидат доделени плакети и благодарници за почесни граѓани на општината и лица кои дале голем допринес за работата на Општина Бутел.

**По првата точка од Дневниот ред Предлог – Одлука за востановување општински признанија и награди,** збор му беше даден на Претседателот на комисијата за мандатни прашања избори и именувања г. Стојан Петкуќевски да даде извештај по оваа точка.

Советникот истакна дека комисијата ја рагледа и прифати Предлог – Одлука за востановување општински признанија и награди и ја доставува до Советот да ја донесе во предложениот текст.

Збор му беше даден на Градоначалникот г. Дарко Костовски да даде детално образложение по точката.

Градоначалникот г. Дарко Костовски изјаи дека на лицата на кои ќе бидат доделени благодарници на посебен начин допринеле на Македонија како држава а секако со тоа и на Општина Бутел. Истакна дека Општина Бутел е извор на луѓе кои направиле големи работи и поради тоа можат да ни завидат повеќе општини во Македонија и изјави дека во сите области има успешни граѓани. Градоначалникот исто така нагласи и дека се надева на секоја годишнина на општината ќе се доделуваат благодарници и пакети за почесни граѓани.

За предложените почесни граѓани:

1.Шабан Трстена
2.Шабан Сејдиу
3.Борче Костовски
4.Дејан Георгиевски
5.Елиф Елмас
6.Аце Додевски
7.Енвер Идоски
8.Игор Николов
9.Мите Јовановски
10. Масар Омерагиќ
11.Александар Стефанов
12.Аце Миленковски

13.Постхумано се доделува плакета на Петре Латиновски, за посебен придонес и развој на Општина Бутел, за сите поединечно даде краток коментар.

Претседателот на Советот Проф. д-р Игор Николов се заблагодари за идејата и истакна дека му претавува голема чест да биде и тој дел од предложените почесни граѓани на Општина Бутел. Исто така претседателот изјави бидејќи и тој се наоѓа на списокот на предложени почесни граѓани нема да учествува во гласањето на Одлуката.

Претседателот на Советот Проф. д-р Игор Николов отвори расправа по првата точка од Дневниот ред.

За збор се пријави советничката г-ѓа Оливера Николовска и изјави дека и преставува чест што Претседателот на Советот Проф. д-р Игор Николов е дел од советот и е на списокот за почесни граѓани, но истакна дека има една мала забелешка а тоа е дека на списокот за почесни граѓани на Општина Бутел нема ниту едно женско лице.

Претседателот и се обрати на советничката г-ѓа Оливера Николовска и и посочи дека ќе ја имаат на ум идејата за во иднина.

Бидејќи никој друг не се пријави за збор Претседателот на Советот ја стави на гласање првата точка од Дневниот ред.

Советниците со 16 гласови „ЗА„ нема „ПРОТИВ“ и нема „ВОЗДРЖАНИ“ ја усвоија првата точка од Дневниот ред.

Бидејќи Дневниот ред се исцрпи, Претседателот на Советот Проф. д-р Игор Николов констатираше дека шеесетата седница на Советот на Општина Бутел е завршена.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА БУТЕЛ**
Проф. д-р Игор Николов